РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-1744/2
27-04-2022

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19) и член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 66 - та седница одржана на 21.04.2022 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата за покренување постапка за утврдување состојба на судир на интереси заведена под број 09-1744/1 од 09.03.2022 година, против Судија -------- од Основен суд ----------, доставена од познат подносител, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека наводите од пријавата се поврзани со надлежно постапување на друг орган, во конкретниот случај на Судски совет на РСМ, по што нема елементи за утврдување на состојба на судир на интереси согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на познат подносител, на ден 09.03.2022 година, поднесена е пријава за постапување на Судија ---------- од Основен суд --------- и оформен е предмет број 09-1744/1 од 09.03.2022 година.

Во пријавата, подносителот наведува дека Судијата ----------, не се изземала од предмет под број 150/15, а била должна да се изземе согласно член 64 став и член 65 став 2 и став 3 од ЗПП од причини што нејзиниот син ---------- бил вработен во Општина ----------- на работна позиција Самостоен референт за --------------во Одделението за сообраќај и патишта. Наместо да се изземе согласно наведените членови, судијката ја донела горенаведената одлука. Меѓутоа подоцна, во постапка по поднесено барање за повторување на постапката ВПП 1 бр.----------, правосилно завршена со Решение ВПП бр. ----------- од 04.11.2016 година и барање за нејзино изземање, наведената судијка дала изјава до претседателот на Основен суд --------, во која самостојно, по свое убедување признала и навела дека треба да се изземе со цел да не се доведе под сомневање нејзината

непристрасност при постапување, па побарала предметот да биде доделен на друг судија. Ова било утврдено од Решение СУИ33 бр. -------- ВПП 1бр. -------- од 23.09.2019 година каде Претседателот на Основен суд ---------- го усвоил барањето на судијката. Со самото признание кое било потврдено во решението за изземање, донесено од страна Претседателот на Основен суд ---------- од 23.09.2019 година очигледно било дека судијката, изјавата за изземање ја има дадено 2-3 години откако ја донела одлуката со која го оштетила Буџетот на општина -----------.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека нема елементи за нејзино надлежно постапување по предметот согласно членот 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Имено, во постапките кога постои прекршување на правилата за изземање во ситуации во кои судијата знаел или требало да знае за постоење на некоја од основите за изземање предвидени во Законот за судови, надлежен да постапува е Судски совет на РСМ и е еден од основите за поведување на постапка за утврдување на одговорност на судија согласно член 75 став 1 алинеја 4 од Законот за судови.

Оттука, на седницата одржана на ден 21.04.2022 година, ДКСК одлучи пријавата со бр. 09-1744/1 од 09.03.2022 година да се достави на надлежно постапување на Судски совет на РСМ.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Заменик претседател,
Нури Бајрами

По заклучок на ДКСК,
Изготвил: С.М –советник
Контролирал: К. З – Раководител
Одобрил: Г.Т – Член на ДКСК